ДРУШТВО ЗА ПЛАНИРАЊЕ, ПРОЕКТИРАЊЕ И ИНЖЕНЕРИНГ
ТАЈФА-ПЛАН

Друштво за планирање, проектирање и инжинеринг **ТАЈФА ПЛАН**, ДОО Скопје
ул. "Васил Главинов" бр. 3-2/8
тел. ++389(0) 02 32 11 109
e-mail: tajfa.plan@gmail.com
ЕДБ: МК4030008046019

Урбанистички проект во урбанистички план за село Бардовци (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35, за формирање на градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци со намена домување во куќи - А1, Општина Карпош

тех.бр. 069/12/22
Скопје, Март 2023 год.

Makedonski Telekom CA, Natasha Vlchevska Savikj
Digitally signed by Makedonski Telekom CA, Natasha Vlchevska Savikj
DN: c=MK, o=Makedonski Telekom, cn=Makedonski Telekom CA, serialNumber=CRT3585382, cn=Natasha Vlchevska Savikj
Date: 2023.03.30 13:01:20 +02'00'

Gordana Karagjule-Risteska
Digitally signed by Gordana Karagjule-Risteska
DN: c=MK, ou=Makedonski Telekom CA Natural Persons, givenName=Gordana, serialNumber=CRT3609291, sn=Karagjule-Risteska, cn=Gordana Karagjule-Risteska
Date: 2023.03.30 13:01:40 +02'00'

Sashko Ivanov
Digitally signed by Sashko Ivanov
DN: c=MK, ou=VAT - 4002000142260, 2.5.4.97=NTRMK-5437415, o=IVANOV INZENERING DOOEL, serialNumber=165151, title=upravител, sn=Ivanov, givenName=Sashko, cn=Sashko Ivanov
Date: 2023.03.31 16:36:58 +02'00'

Natali Tashevska-Gulevska
Digitally signed by Natali Tashevska-Gulevska
DN: c=MK, ou=Makedonski Telekom CA Natural Persons, givenName=Natali, serialNumber=CRT3633849, sn=Tashevska-Gulevska, cn=Natali Tashevska-Gulevska
Date: 2023.03.31 16:36:31 +02'00'

Место:	**дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18, КО Бардовци, Општина Карпош - Скопје**
Нарачател:	**Марјан Самандов**
Предмет:	**Урбанистички проект во урбанистички план за село Бардовци (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35, за формирање на градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци, со намена домување во куќи - А1, Општина Карпош**
Изработувач:	**Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје**
Адреса:	**ул. „Васил Главинов“ 3-2/8, 1000 Скопје**
Телефон:	**02 / 3211 109**
E-mail:	**tajfa.plan@gmail.com**
Технички број:	**069/12/22**
Датум на изработка:	Март **2023 год.**
Планер-потписник:	**Гордана Караѓуле Ристеска, д.и.а.**

УПРАВИТЕЛ
Наташа Влчевска Савиќ, д.и.а.

СОДРЖИНА

1. Вовед 12
2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на проектниот опфат 12
3. Извод од УПС Бардовци, (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35 Општина Карпош 13
4. Проектна програма 14
5. Инвентаризација на изграденият градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат 14
6. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение 15
6.1. Дејности и активности во градежната парцела со нумерички показатели 15
6.2. Организација на внатрешниот и стационарниот сообраќај 15
6.3. Зеленило и партерно уредување 16
6.4. Инфраструктура 16
7. Детални услови за проектирање и градење 16
8. Мерки за заштита 19
8.1 Мерки за заштита на животна средина и природата 19
8.2 Заштита на водата 20
8.3 Заштита на почвата 21
8.4 Мерки за управување со отпадот 21
8.5 Мерки за заштита на воздухот 21
8.6 Мерки за заштита од бучава во животната средина 22
8.7 Управување со отпадот 22
8.8 Мерки за заштита и спасување 23
8.9 Урбанистичко-технички мерки 24
8.10 Хуманитарни мерки се: 27
8.11 Мерки за лица со инвалидност 30
8.12 Мерки за заштита на природното и културното наследство 30
10. Нумерички показатели 32
Услови за градење 32
10.1 Билансни показатели 32
10.2 Споредбени биланси 33
10.3 Табеларен приказ на архитектонско – урбанистички параметри за градба 33

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

- Извод од УПС Бардовци

Ажурирана геодетска подлога 1:500

Инвентаризација на градежниот фонд, вкупната физичка супраструктура и комуналната инфраструктура 1:500

План на парцелација 1:500

Урбанистичко решение на градежната парцела 1:500

Проектно решение на динамички сообраќај и нивелманско решение 1:500

Проектни решенија на приклучоците, објектите и водовите на внатрешниот развод на сите комунални инфраструктури 1:500

ИДЕЕН ПРОЕКТ

ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/150120220035398

Датум и време: 9.12.2022 г. 15:40:22

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6414176
Назив:	Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА - ПЛАН ДОО Скопје
Седиште:	ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.3-2/8-ГРАДСКИ /SИД Б-10 СКОПЈЕ - ЦЕНТАР, ЦЕНТАР

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.11 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * РЕГИОНАЛНА РЕГИСТРАЦИОНА КАНЦЕЛАРИЈА-СКОПЈЕ * БРОЈ 1

Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 16 став (2) Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерство за транспорт и врски издава:

ЛИЦЕНЦА

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

НА

Друштво за планирање, проектирање и инженеринг
ТАЈФА- ПЛАН ДОО Скопје

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр. 3-2/8-ГРАДСКИ/SИД Б-10
СКОПЈЕ- ЦЕНТАР, ЦЕНТАР, ЕМБС: 6414176

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ, УРБАНИСТИЧКО-ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТАЦИИ, УРБАНИСТИЧКО-ПРОЕКТНИ ДОКУМЕНТАЦИИ И РЕГУЛАЦИСКИ ПЛАН НА ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

ЛИЦЕНЦАТА Е СО ВАЖНОСТ ДО: **14.01.2026 година**

Број: **0018**

14.01.2019 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР

Горан Сугарески

Врз основа на одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), а во врска со изработка на **Урбанистички проект во урбанистички план за село Бардовци (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35, за формирање на градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци, со намена домување во куќи - А1, Општина Карпош**, Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје го издава следното

РЕШЕНИЕ

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕРИ

За изработка на Урбанистички проект во урбанистички план за село Бардовци (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35, за формирање на градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци, со намена домување во куќи - А1, Општина Карпош, со технички број **069/12/22**, како извршител се назначува:

- Гордана Караѓуле Ристеска, дипломиран инженер архитект

Планерот е должен проектната програма да ја изработи согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ
Наташа Влчевска Савиќ, д.и.а.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ГОРДАНА КАРАЃУЛЕ РИСТЕСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0444**

Издадено на: 05.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. Вовед

На барање на нарачателот, изработен е Урбанистички проект за формирање на градежна парцела (дел од КП 1605/1 и КП 2224/18 КО Бардовци) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, Општина Карпош согласно УПС Бардовци, (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35 Општина Карпош (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.). Можноста со урбанистички проект да се формира една градежна парцела од две или повеќе соседни катастарски парцели со ист сопственик, односно група сопственици што со правно дело се здружиле е утврдена во член 58 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), како и со член 57 став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22). Со овој урбанистички проект се врши формирање на една градежна парцела на дел од КП 1605/1 и КП 2224/18 КО Бардовци, се определува површината за градба во рамките на парцелата, се утврдува намената на земјиштето, максималната висина за градење изразена во метри до венец, катноста, организацијата на внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај, нивелманско и партерно решение, озеленување и основни водови на инфраструктурата.

Сите поединечни елементи на овој урбанистички проект содржат текстуален дел со нумерички показатели за планираната состојба, како и потребен број на графички прилози.

Урбанистичкиот проект е изработен согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и приложениот Извод од УПС Бардовци, (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35 Општина Карпош.

2. Географско и геодетско одредување на подрачјето на проектниот опфат

Предмет на разработка на овој урбанистички проект се катастарските парцели дел од КП 1605/1 и КП 2224/18 КО Бардовци. Границите на проектниот опфат се совпаѓаат со границите на градежните парцели и се прикажани во графичкиот дел на оваа проектна програма. Површината на проектниот опфат изнесува 631,87 m².

Границата на проектниот опфат ги има следниве координати:

X=4653852.7623 Y=7532071.5531
X=4653852.3400 Y=7532071.7700
X=4653849.3000 Y=7532073.4000
X=4653840.3600 Y=7532077.1300
X=4653827.5500 Y=7532082.3000
X=4653823.0700 Y=7532084.2800
X=4653822.2826 Y=7532084.7269
X=4653834.9026 Y=7532105.7802
Испапченост 0.3160
Центар X=4653838.5188 Y=7532097.5836
Радиус 8.9589
Почетен агол 336
Краен агол 46

X=4653844.9997 Y=7532103.7690
X=4653850.3788 Y=7532093.6266
Испапченост 0.0534
Центар X=4653832.6455 Y=7532084.3785
Радиус 20.0000
Почетен агол 62
Краен агол 75
X=4653851.9343 Y=7532089.6643
X=4653852.5200 Y=7532086.3600
X=4653852.5921 Y=7532084.5574
X=4653852.6600 Y=7532082.8595

3. Извод од УПС Бардовци, (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35 Општина Карпош

Урбанистичкиот проект е изработен врз основа на Изводот од УПС Бардовци, (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) - Блок 35 Општина Карпош (одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 год.). Со изводот од урбанистичкиот план, дефинирани се следните параметри:

- Намена на објектот: А1, А0 (домување)
- Површина на габарит: – Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12)
- Процент на изграденост: /
- Максимална изградена површина: – Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12)
- Коефициент на искористеност: /
- Максимална дозволена височина на венец: 10,20 м
- Максимална дозволена височина на слеме: /
- Број на станови/спратови: П+2+Пк
- Број на паркинг места: /
- Сообраќајни услови: Паркирање во рамките на сопствена парцела

Овие урбанистички податоци претставуваат влезни параметри и услов при изработката на урбанистичкиот проект, во однос на определувањето на урбанистичките параметри за новоформираната градежна парцела.

4. Проектна програма

Урбанистичкиот проект е изработен врз основа на проектна програма, потпишана од нарачателот.

Согласно приложениот извод од Урбанистички план за село Бардовци (со разработка на блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18) - Блок 35 да се изработи урбанистички проект за за формирање на градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци со намена домување во куќи – А1. Истиот треба да биде изработен во согласност со Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 32/20), Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22) и другите важечки прописи од областа. Покрај урбанистичкиот дел, во урбанистичкиот проект да се приложи и идеен проект со сите потребни текстуални и графички прилози. Урбанистичкиот проект треба да се изработи на ажурирана геодетска подлога изработена од овластено правно лице.

Градежната парцела да се формира на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци, притоа водејќи сметка за регулационата линија предвидена со урбанистичкиот план. Површината на проектниот опфат изнесува 631,87m².

За формираната градежна парцела да се предвиди класа на намена А1 – домување во куќи, односно поединечна намена А1.1 – станбени куќи - слободностоечки. Во рамки на градежната парцела да се предвиди површина за градење за слободностоечка куќа со површина под објект околу 170 m² и вкупна изградена површина до 360 m², со катност П+1, во согласност со параметрите од изводот од урбанистички план за село Бардовци (со разработка на Блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и Блок 18) – Блок 35. Содржините во самата куќа се поконкретно објаснети во проектната програма приложена кон идејниот проект. Со урбанистичкиот проект треба да се предвиди соодветно партерно уредување со пешачки патеки и зеленило, во согласност со пропишаните законски прописи како и отворен базен на ниво на терен. Паркирањето да се реши во склоп на градежната парцела, при што треба да се обезбедат 5 паркинг места.

При изработката на урбанистичкиот проект да се обезбедат податоци и информации од сите надлежни субјекти согласно член 47 од Законот за урбанистичко планирање. Сè друго што не е опфатено со проектната програма, да се усклади со постоечките прописи од областа на урбанизмот и проектирањето.

5. Инвентаризација на изграденият градежен фонд, вкупната физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат

Земјиштето во рамките на проектниот опфат е неизградено. На северо-источната и јужната страна од предметниот опфат поминува постојна улица. Во непосредна близина на парцелата поминуваат телекомуникациски и електроенергетски водови, како и водоводна и фекална канализација.

6. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение

Со урбанистичкиот проект се формира градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци, Општина Карпош, се утврдува површината за градење и решението на партерот. При изработката на урбанистичкиот проект се почитувани параметрите зададени во изводот од УПС и важечките прописи од областа.

6.1. Дејности и активности во градежната парцела со нумерички показатели

Со Урбанистички план за село Бардовци (со разработка на блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18) - Блок 35, за предметната локација е предвидена намена домување (А1). Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21 и 104/22), со овој урбанистички проект се утврдува поединечна намена за градежната парцела и тоа А1.1 – станбени куќи – слободностоечки.

Површината за градба е прилагодена на обликот на градежната парцела и се развива во правец југ-север и дел према исток, со височина за градење од 8,50m и катност П+1.

Површината за градење во рамките на градежната парцела изнесува 162 m², додека вкупната изградена површина изнесува 354 m², односно процентот на изграденост изнесува 26%, а коефициентот на искористеност 0,56, со што во целост се испочитувани урбанистичките параметри од урбанистички план.

УП											
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА (М)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (М2)	УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (М2)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (М2)	БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ЗЕЛЕНИЛО
1.1	А	А1	8,5	П+1	631.87 m2	162 m2	354 m2	5	0.56	26%	43%
ВКУПНО					631.87 m2	162 m2	354 m2	5	0.56	26%	43%

6.2. Организација на внатрешниот и стационарниот сообраќај

Сообраќајното поврзување на градежната парцела е предвидено од северната и од јужната страна преку улица „Д“ и улица „4“. Во рамки на градежната парцела во согласност со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник бр. 63/12) „за станбени куќи кои не се лоцирани во централно градско подрачје: 1 паркинг место на секои 80 м^2 од вкупно изградената површина“ предвидени се 5 паркинг места (2 во гаража во приземјето на објектот) и уште 3 паркинг места на терен (354м^2- вкупно изградена површина/80 м^2=4,42 или 5 паркинг места). Пристапот во гаража и паркингот на терен е од јужната страна на предметниот опфат.

6.3. Зеленило и партерно уредување

Согласно Законот за урбано зеленило, во рамките на градежната парцела треба да се предвиди зеленило со површина од најмалку 20% од површината на парцелата. Со урбанистичкиот проект предвидени се 272 м^2 зелени површини на партер, што претставува 43% од површината на градежната парцела.

Покрај зеленилото, во рамки на градежната парцела предвидени се и пешачки патеки околу објектот, како и надворешен базен на ниво на терен.

6.4. Инфраструктура

Основните решенија на комуналната инфраструктура се изработени врз основа на планските решенија од деталниот урбанистички план. Истите се изработени во согласност со постојните важечки прописи за проектирање на ваков вид објекти, приспособени на локалните услови, односно диктирани од нив (локациски, релјефни карактеристики и условеноста од постојната изведена инфраструктурна мрежа). Решението на основните водови на внатрешните разводи на комуналната инфраструктура е прикажано во графичките прилози на овој урбанистички проект.

Обврзно е реализацијата на овој урбанистички проект да се решава преку основни проекти за чија реализација ќе бидат дадени основни податоци од претпријатијата кои стопанисуваат со комуналната инфраструктура на територијата на проектниот опфат.

7. Детални услови за проектирање и градење

Условите за проектирање и градење се однесуваат на градежна парцела 1.1 во блок 35, согласно Урбанистички план за село Бардовци (со разработка на блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18).

- **Природа на зафатот**

Со овој урбанистички проект се формира градежна парцела на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18 КО Бардовци и се предвидува изградба на објект со намена А1.1 – станбени куќи - слободностоечки. Притоа, се определуваат димензиите на габаритот на предвидениот објект и неговата просторна композиција, се решава внатрешниот динамичен и стационарен сообраќај, како и партерното уредување и зеленилото во рамките на парцелата, и се решаваат приклучоците, објектите и водовите на внатрешниот развод на комуналните инфраструктури.

- **Проектен опфат**

Проектниот опфат ја опфаќа планираната градежна парцела 1.1 во блок 35, согласно Урбанистички план за село Бардовци (со разработка на блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18) – Блок 35, Општина Карпош, која се формира на дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18, КО Бардовци. Границата на проектниот опфат е прикажана во графичките прилози на овој урбанистички проект.

Површината на проектниот опфат во рамките на дефинираните граници изнесува 631,87 м^2.

- **Намена на земјиштето и градбите**

Со Урбанистички план за село Бардовци (со разработка на блоковите 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18) – Блок 35 за предметната локација предвидена е намена домување (А1, А0). Согласно член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање (Сл. весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22), со овој урбанистички проект се утврдува поединечна намена за градежната парцела и тоа А1.1 – станбени куќи - слободностоечки.

- **Површина за градење, градежна линија и максимална висина на градба**

Диспозицијата на површината за градба е дадена во графичките прилози на овој урбанистички проект. Површината за градба е прилагодена на обликот на градежната парцела, со височина за градење од 8,50 m и катност П+1.

Површината за градење во рамките на градежната парцела изнесува 162 m², додека вкупната изградена површина изнесува 354 m².

- **Процент на изграденост и коефициент на искористеност**

Процентот на изграденост е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба и истиот се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и површината на градежната парцела.

Коефициент на искористеност на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и истиот се добива како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и површината на градежната парцела, изразен со рационален број до две децимали.

За градежната парцела 1.1, со овој урбанистички проект предвидениот процент на изграденост изнесува 26%, а коефициентот на искористеност 0.56, што е во рамките на параметрите зададени со изводот од урбанистичкиот план.

- **Висина на нулта плоча**

Со урбанистичкиот проект се уредува висинската кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча во однос на котата на теренот. За предметниот објект апсолутната кота на приземната плоча на градбите т.н. нулта плоча е 270,47мнв (+/- 0,00)

- **Паркирање и гаражирање**

Во рамки на градежната парцела во согласност со член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник бр. 63/12) „за станбени куќи кои не се лоцирани во централно градско подрачје: 1 паркинг место на секои 80 м^2 од вкупно изградената површина“ предвидени се 5 паркинг места (2 во гаража во приземјето на објектот) и уште 3 паркинг места на терен (354м^2- вкупно изградена површина/80 м^2=4,42 или 5 паркинг места). Пристапот во гаража и паркингот на терен е од јужната страна на предметниот опфат.

- **Озеленување**

Планирано е соодветно хортикултурно уредување на парцелата при што доминираат тревнатите површини и украсни жбунести растенија од типот lavandula hybrida, hibiscus siriacus и forsythia intermedia, како и зимзелени жбунести растенија од типот prunus laurocerasus и machoniaaquifolium. Во периферните делови на парцелата планирано е засадување високо зеленило со зимзелени и листопадни садници од типот abies concolor, pinus nigra, tilia parvifolia и acer pseudoplatanus.

Со урбанистичкиот проект предвидени се 272 m² зелени површини на партер, што претставува 43% од површината на градежната парцела.

- **Културно наследство**

Во рамки на проектниот опфат не се регистрирани културни добра. Доколку при изведувањето на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 , 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15 и 39/16), односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

8. Мерки за заштита

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Во комплексот на мерките од превентивен карактер, предвидени се мерки за заштита и спасување, во согласност со Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите за изградба на објектите, како и учество во техничкиот преглед (Сл. весник на РМ бр. 105/05).

8.1 Мерки за заштита на животна средина и природата

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ и е регулирана со Законот за животна средина. Планските и проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на Плановите односно проектите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина. Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.

Со овој Урбанистички проект заштитата се однесува на:

заштита на воздухот;

заштита на водата;

заштита на почвата;

заштита на животната средина преку организирано прифаќање на комуналниот отпад;

заштита од бука.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина: почвата, водата, воздухот, на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите од овој закон се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за заштита на животната средина и посебните закони од:

вршењето различни дејности;

загадувачките супстанци и технологии;

отпадот;

бучавата и вибрациите;

јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење,

заштита од непријатна миризба и користење на депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија во воздухот, водата или почвата, која што може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

зачувување на амбиенталните, естетските и рекреативните потенцијали на просторот;

изградба на современа инфраструктура;

селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во депонијата

озеленување на површината со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел

заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура

при преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето

загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

8.2 Заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита.

(Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од "пасивниот" пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.)

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé према техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи и

квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник.

Со цел да се минимизира или целосно елиминира потенцијалната опасност од контаминација на водите од евентуално истекување или протекување на гориво, при изведувањето на градежните активности на предметното подрачје потребно е да се избегнува сервисирање на градежната опрема или полнење со гориво.

Управувањето со квалитетот на водите и воздухот индиректно ја зголемува и функционалноста на почвата, како краен реципиент на загадувачите отстранети од овие два медиума.

Отпадните води пред да се испуштат во реципиентот мора да бидат подложени на третман на пречистување, односно да бидат доведени до квалитет према "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

8.3 Заштита на почвата

Со проектите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади. Од оваа условеност не се очекува значајно загадување на почвата и површинските води од пестициди.

Секој друг извор на загадување на почвата ќе се утврди дополнително преку посебните Идејни проекти за секоја градба, при што Заштитата на животната средина, со посебен осврт на заштитата на почвата, мора посебно да биде обработена и во која децидно, плански, ќе бидат дефинирани заштитните мерки.

8.4 Мерки за управување со отпадот

По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија. Согласно Законот за управување со отпад создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман се препорачува задолжително депонирање на отпадните материи во депонија. Со планот се предвидува селектирање на цврстиот отпад и разгледување на алтернативните можности за рециклирање на истиот и негова повеќекратна употреба пред истиот да биде одложен на депонија. Предвидено е организирано собирање и одложување на отпадот во постојната депонија.

Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

8.5 Мерки за заштита на воздухот

Вегетациската покривка изложена на висока концентрација на честици во воздухот може да биде оштетена кога истите се наоѓаат во комбинација со другите присутни полутанти во воздухот, создадени како резултат на мобилните извори на загадување, посебно изразени на просторот кој е предмет на анализа. Крупните честици, како прашината која паѓа директно на површината на земјата, ја редуцираат

размената на гасови и процесите на фотосинтеза што води кон редукција на растот кај растенијата. Со цел да се спречи редукција на растот кај видовите се препорачува контрола на квалитетот на воздухот и превземање на мерки за запазување на дозволените концентрации на присутни полутанти во воздухот.

Нивоата на емисии во воздухот треба да бидат усогласени со Правилникот за гранични вредности за дозволени нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот.

8.6 Мерки за заштита од бучава во животната средина

За минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на градба и запазување на дозволените нивоа на бучава во животната средина во текот на експлоатациониот период.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на предвидените активности, потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните и есетските потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

8.7 Управување со отпадот

Согласно со член 7 од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РМ, бр.09/11-пречистен текст и бр.51/11, 123/12, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16), создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен или во истиот или во друг процес за екстракција на секундарни суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

Во периодот на градба на новите содржини ќе се отстрани и мала количина на почва. По завршувањето на градежните активности потребно е да се процени можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренот, со цел да се избегнат дополнителните економски трошоци заради потребата од нејзина дислокација. По завршување на активностите на терен шутот треба да биде уредно одложен на депонија.

По завршувањето на градежните активности потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Заради успешна имплементација на системот за заштита на животната средина при реализација на активностите предвидени со Урбанистичкиот проект потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- озеленување на околните површини со високо и ниско зеленило;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем;
- изградба на современа инфраструктура;
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на друга инфраструктура.

При вршењето на предвидените активности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат во непосредната околина. Потребно е да се нагласи дека загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

8.8 Мерки за заштита и спасување

Согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст Сл. Весник на РМ бр. 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр. 168/17 – пречистен текст) и Законот за управување со кризи (Сл. Весник на РМ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Согласно податоците и информациите добиени од Дирекцијата за заштита и спасување, Подрачно одделение Карпош бр. 09-276/2 од 08.11.2022 година, наведено е дека не располага и нема информации за постоечки или планирани инфраструктури во надлежност на Дирекцијата за заштита и спасување.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функција на превенција се следниве мерки и активности:

- изработка на процена на загрозеност за можни опасности и план за заштита и спасување од проценетите опасности;
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа;
- уредување на просторот и изградба на објекти, во функција на заштита и спасување;
- воспоставување на организација и системи потребни за заштита и спасување
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена

металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност, како и при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува: изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства, регулирање на водотоците и изградба на систем на одбранбени насипи, изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините, обезбедување на противпожарни пречки, изградба на објекти за заштита, како и изградба на потребната инфраструктура.

Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.

Урбанистичко-технички мерки се:

- засолнување;
- заштита и спасување од поплави;
- заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- заштита и спасување од урнатини;
- заштита и спасување од свлекување на земјиштето
- заштита и спасување од техничко - технолошки несреќи и
- спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

- евакуација;
- згрижување на загрозеното и настраданото население;
- радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- прва медицинска помош;
- заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- асанација на теренот.

8.9 Урбанистичко-технички мерки

8.9.1 Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи

При изработка на планската документација треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. весник на РСМ бр. 67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

При проектирањето на новопланираните објекти, во наведената документација да биде решена и громобранската инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптеретување на новопланираните објекти.

Сите објекти се лоцирани така да се пристапни за пожарните возила, а ширината на пристапот не смее да биде помала од 3,0 м со што се овозможува

лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето. Ивичњаците на пристапниот пат мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до објектот.

Сообраќајниот систем во локалитетот овозможува лесен пристап на пожарните возила до објектите. При конципирање на сообраќајот планирано е несметано движење на пожарните возила. Сообраќајницата и пристапот се така планирани да овозможува несметан пристап за пожарни возила со доволна ширина на пристапот, за да се овозможи лесна подготовка и ставање во дејство на потребната опрема за борба против пожарот и спасување на луѓето.Ивичњаците на пристапниот пат треба да бидат со висина не поголема од 7,0 см и закосени поради лесен пристап на пожарни возила до објектот.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица, би изнесувал од 10 до 15мин.

Според Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РСМ бр. 32/2011) обезбедено е непречено движење на ПП возило доколку се појави потреба од истото.

Планирањето и изработката на техничката документација треба да е во согласност со Законот за заштита и спасување, Законот за пожарникарство и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област. Со планирањето на хидрантската мрежа да се задоволат сите мерки на превентива и заштита во случај на пожар. Надворешната хидрантска мрежа е збир на градежни објекти и уреди со кои водата од извор погоден за снабдување со вода, со цевоводи се доведува на хидрантските приклучоци кои непосредно се користат за гаснење на пожари или на нив се приклучуваат противпожарни возила.

За надворешната хидрантска мрежа да се предвиди прстенаст систем на цевоводи, со минимален пречник ф 100 мм. На хидрантската водоводна мрежа со минимален профил од ф100 мм се поставуваат противпожарни хидранти чии приклучни цевоводи имаат пречник најмалку ф 100 мм. Притисокот во хидрантската мрежа не смее да биде понизок од 2,5 бара.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарни апарати, според пропишани стандарди. Уредите, инсталациите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредени места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележани и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно Законот за заштита и спасување инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти, како и за објекти на кои се врши реконструкција-пренамена е должен да изготви посебен елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материии дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Одредбата ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.

За објектите на кои не се однесува одредбата се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

8.9.2 Заштита и спасување од урнатини

За заштита на локалитетот од урнатини при урбанистичкото планирање превземени се следните мерки:

- сообраќајната мрежа нема да биде оптеретена со рушевини и ќе има можност за пристап на возила за пожар, прва помош, и т.н.

Просторот на предметниот плански опфат се наоѓа во зона на граница помеѓу 7 и 8 степени по Меркалиевата скала на очекувани земјотреси, што наметнува задолжителна примена на нормативно - правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, при изградбата на новите објекти.

Густината на објектите односно нивното растојание е планирано во доменот на сеизмичкото проектирање со помали висини на објектите и со поголеми попречни профили на сообраќајниците, со што во случај на сеизмичко рушење може да се обезбеди проток на луѓе и возила односно нема можност за создавање на тесни грла на сообраќајниците и во зоните на тотални урнатини. Заштитата од урнатини ќе се обезбеди со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои ќе се градат со помала количина на градежни материјали со релативно помали тежини.

8.9.3 Заштита и спасување од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

8.9.4 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработка на основен проект доколку заради конфигурацијата на теренот е можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. весник на РМ бр. 32/11).

8.9.5 Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно Законот за заштита и спасување заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање, пронаоѓање на неексплодираните убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и

други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уредено место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.

Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.

Стандардните оперативни процедури за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

8.9.6 Спасување од сообраќајни несреќи

Стационарниот сообраќај е решен согласно Правилник за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.225/20 и 219/21). Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како верикална и хоризонтална треба да е изведена согласно прописите од областа на сообраќајот.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош зависи од оддалеченоста на најблиската клиника, која за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 30 до 40 мин.

Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста на најблиската противпожарна станица.

8.10 Хуманитарни мерки се:

9.10.1 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита и заштита од техничко-технолошки катастрофи

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабараториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

8.10.2 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

8.10.3 Засолнување

Засолнувањето опфаќа планирање , изградба, одржување и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката.

Република Македонија има обврска за изградба на јавни засолништа само во случај на исклучително загрозени објекти што ќе ги утврди Дирекцијата врз основа на геолошко-хидролошките и сеизмичките карактеристики на земјиштето и на капацитетот на задоволување на потребите за засолнување.

Единиците на локалната самоуправа имаат обврска да градат јавни засолништа со кои ќе ги задоволат потребните капацитети за засолнување на луѓето, материјалните добра и културното наследство на своето подрачје.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и други заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со уредба ги уредува Владата.

8.10.4 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој плански опфат во реонот на амбуланта и поликлиника би изнесувал од 20 до 30 мин.

8.10.5 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи.

Превентивните мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.

Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

8.10.6 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

Превентивните мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

8.10.7 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и умрени лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работна средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопан- ството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.

Носителите на одделните активности за асанација на теренот ке се утврдуваат според надлежноста за предметниот реон.

Врз основа на Законот за заштита и спасување Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите;

2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати,енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко- угостителска дејност и

3) при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

- изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
- регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
- изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
- обезбедување на противпожарни пречки;
- изградба на објекти за заштита и
- изградба на потребната инфраструктура.

8.11 Мерки за лица со инвалидност

Мерките за лица со инвалидитет се однесуваат на уредување на градежното земјиште за општа употреба и условите за градење на градби од класите на намени А, Б и В.

Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките планови и тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба д се со континуирана нивелета без скалести денивелаии со подолжен наклон од најмногу 8,33%

Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план и урбанистичко планска документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12

Рампата се димензионира за двосмерно движење на лица во количка при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м , а оптималната широчина треба да е 1,80 м.

Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за

- наклон од 8,33% или во однос 1:12, максималната должина на рампата е 9 м
- наклон од 6,66% или во однос 1:15, максималната должина на рампата е 12 м
- наклон од 5,0% или во однос 1:20, максималната должина на рампата е 15 м

Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од горенаведената, тогаш треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м а оптималната должина треба да е 1,80 м.

8.12 Мерки за заштита на природното и културното наследство

Според Законот за заштита на природата, Законот за животна средина и Законот за заштита на културното наследство потребно е да се почитуваат мерки за заштита на природата и културното наследство при планирањето и уредувањето на просторот.

Доколку при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат следните мерки за заштита на природното наследство:

- Утврдување на границите и означување на сите објекти кои би можеле да бидат предложени и прогласени како природно наследство;
- Забрана за вршење на какви било стопански активности кои не се во согласност со целите и мерките за заштита утврдени со правниот акт за прогласување природното добро или Просторниот план за подрачје со специјална намена;
- Магистралната и останатата инфраструктура (надземна и подземна) да се води надвор од објектите со природни вредности, а при помали зафати потребно е нејзино естетско вклопување во природниот пејзаж;
- Воспоставување на мониторинг, перманентна контрола и надзор на објектите со природни вредности и преземање на стручни и управни постапки за санирање на негативните појави;
- Воспоставување на стручна соработка со соодветни институции во окружувањето;
- Почитување на начелата за заштита на природата согласно Закон за заштита на природата.

Доколку при реализација на планот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл. весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13 , 38/14 , 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16 и 11/18) односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

10. Нумерички показатели

Услови за градење

Условите за изградба, развој и користење на градежното земјиште и градбите се однесуваат на градежната парцела 1.1. Услови за градење се основа за изработка на Основните проекти за градбите и инфраструктурата.

Градежна парцела бр. 1.1

- Класа на намена: **А1 – ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ**
- Површина на градежна парцела: 631,87 m².
- Утврдена површина за градење: 162 м²
- Максимална површина за изградба: 354 м²
- Коефициент на искористеност (К): 0,56
- Процент на изграденост (%): 26,00 %
- Процент на озеленетост (%): 43%
- Максимална висина до завршен венец: 8,50 м
- Максимален број на катови: П+1
- Колскиот пристап до парцелата е обезбеден преку категоризираниот пат на југ од проектниот опфат.
- Број на пракинг места: 5 паркинг места

10.1 Билансни показатели

- Површина под градежна парцела: 631,87 м²
- Утврдена површина за градење: 162 м²
- Максимална површина за изградба: 354 м²
- Број на градежни парцели: 1
- Основна класа на намена: **А1 – ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ**

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ П=631,87 м²	
ПОВРШИНА НА ПЛАНСКИ ОПФАТ	631,87 м²
ПОВРШИНА ПОД ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	631,87 м²
УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	162 м²
РАЗВИЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДЕЊЕ	354 м²
БРОЈ НА ГРАДЕЖНИ ПАРЦЕЛИ	1
ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	**А1 - ДОМУВАЊЕ ВО КУЌИ**

10.2 Споредбени биланси

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ П = 631,87 м²

СПОРЕДБЕНИ ПОКАЗАТЕЛИ													
Според Извод од УПС Бардовци							Според УП						
ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА НА ГРАДБАТА	Површина на габарит	Процент на изграденост	МАКСИМАЛНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	Коефициент на искористеност	Максимална дозволена височина на венец	Број на спратови	ПОЕДИНЕЧНА НАМЕНА НА ГРАДБАТА	Површина на габарит	Процент на изграденост	МАКСИМАЛНА ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	Коефициент на искористеност	Максимална дозволена височина на венец	Број на спратови
А1,А0	Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање	-	Согласно Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање	-	10,2 м	П+2+Пк	А1 (А1.1)	162 м²	26%	354 м²	0.56	8,5 м	П+1

10.3 Табеларен приказ на архитектонско – урбанистички параметри за градба

УП											
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ГРУПА НА КЛАСА НА НАМЕНА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНА ВИСИНА (М)	КАТНОСТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (М2)	УТВРДЕНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (М2)	МАКСИМАЛНА ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА (М2)	БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ЗЕЛЕНИЛО
1.1	А	А1	8,5	П+1	631.87 m2	162 m2	354 m2	5	0.56	26%	43%
ВКУПНО					631.87 m2	162 m2	354 m2	5	0.56	26%	43%

ПОДАТОЦИ И ИНФОРМАЦИИ

Акционерско друштво за вршење на енергетски дејности
НАЦИОНАЛНИ ЕНЕРГЕТСКИ РЕСУРСИ Скопје во државна сопственост

бул. Климент Охридски бр.58 б, Скопје
тел. 02 6090-137
факс 02 6090-437
contact@mer.com.mk
www.mer.com.mk
ЕМБС: 6664903

До:
ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје

Бр. Нр. 15-3128/2
02.11.2022 год. vib
Скопје-Shkup

Предмет: Одговор на барање

Врска: Барање за податоци, со ваш бр. 0307-185 од 27.10.2022 година.

Согласно вашето Барање за податоци, за УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош,

НЕР АД Скопје, Ве известува дека на наведениот плански опфат, нема изградено и не е планирано изградба на гасоводна мрежа.

Со почит,

Изработил:
Александар Апостолоски
2525

НЕР АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем

Оливера Костанчева

Наш број: 1404-3084/2
Скопје: 08.11.2022г.

ДО: Друштво за планирање, проектирање и инженеринг ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје Скопје

Предмет: Одговор на барање за податоци за ТК мрежи
Врска: Ваше барање преку е-урбанизам

Во врска Вашето барање за доставување на податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи, а во врска со изработка на Барање податоци по УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош , према доставената ситуација, во прилог ви доставуваме податоци со кои во моментов располага Агенцијата за електронски комуникации.

Прилог:
-Податоци на изградени јавни
електронски комуникациски мрежи -во електронска форма

Сектор за телекомуникации
Изработил:
Хаки Селими 03.11.2022г.

Раководител на Сектор,
д-р Борис Арсов

ДИРЕКТОР:
Jeton Akiku

АЕК-401.03



ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
10-26/3-538 од 07.11.2022
Скопје

Одговорно лице: Мартин Јанковски

Контакт телефон: 072 933 420

e-mail: martin.jankovski@evn.mk

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 0307-185 од 27.10.2022 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош, Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа

☐ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☐ 10(20)kV Подземна мрежа
☐ 10(20)kV Надземна мрежа

☐ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа

☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.


Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг



Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 46812
Дата: 01.11.2022

До
Друштво за планирање, проектирање и инженеринг
ТАЈФА ПЛАН ДОО Скопје
Ул. Васил Главинов бр. 3-2/8, 1000 Скопје

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Перо Ѓорѓески, Елизабета Манева

Телефон +389 70 200 736; +389 70 200 571

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,
Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Со почит,

Македонски Телеком АД Скопје

По овластување на

Директор на сектор за пристапни мрежи

Васко Најков

Архивски број: 09-276/2 од 08.11.2022година

До Друштво за планирање, проектирање и инженеринг.
"ТАЈФА ПЛАН" ДОО од Скопје
ул. "Васил Главинов" бр.3-2/8
Скопје

Предмет: **Податоци и информации, доставува,-**
Врска: **Ваше барање бр. 0307-185 од 27.10.2022 година**

Согласночл. 70 став 2 од Законот за заштита и спасување – пречистен текст ("Службен весник на РСМ" бр. 93/12), и задолжувањето од Директорот на ДЗС бр. 02-2737/1 од 19.11.2020 година, Подрачното одделение за заштита и спасување Карпош при Секторот за оперативна и логистика во Дирекција за заштита и спасување, информира:

Почитувани,

Во врска со вашето барање доставено до нас на ден 27.10.2022 година, а за изработка на **Урбанистички проект за формирање на градежна парцела (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош** ве известуваме дека не располагаме со постоечка ниту имаме планирана инфрастуктура.

Исто така, согласно член 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр.199/14), во прилог, Дирекција за заштита и спасување – Карпош ги доставува претходни услови за заштита и спасување, кои согласно Законо за заштита и спасување – пречистен текст (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/11 и 93/12), Процена на загрозеност на опфат за кои се однесува деталниот урбанистички план, Уредба за начинот на применување на мерките за заштита и спасување при планирање на просторот и населбите, во проектите и при изградба на проекти, како и учество во технички прегледи (Сл. Весник на РМ бр.105/05) и други прописи кои ја регулираат оваа област, треба да бидат вградени при изработка на документација:
Во делот кој треба да се наслови како МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ, да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (пратечки објекти,) треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Njësia rajonale Karposh

Ул.'Михаил Цоков"' бб
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
Republika e Maqedonisë së Veriut

022033213
www.dzs.gov.mk
karpos@dzs.gov.mk

спасување (Сл. Весник на РМ бр.36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РМ бр.67/04, 81/07 и 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување .

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.

Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини , нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на Република Македонија, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на основниот проект, со оглед на конфигурацијата на теренот, се претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, па согласно тоа потребно е да изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

Исто така, при проектирање на објектите, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерките за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи(Сл. Весник на РМ бр.32/11).

По вградувањето на претходните услови, проектната документација за изработка на **Урбанистички проект за формирање на градежна парцела (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18, Општина Карпош,** ве известуваме дека треба да се достави до Дирекција за заштита и спасување – подрачно Одделение за заштита и спасување Карпош, за да се добие позитивно мислење за застапеноста на мерките за заштита и спасување.

Со почит,

По овластување на Директорот
Слободан Стојчевски

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение Карпош
Drejtoria për mbrojtje dhe shpëtim
Ул.'Михаил Цоков" 66
Република Северна Македонија
Rr. "Mihail Cokov" pn
022033213
www.dzs.gov.mk
karpos@dzs.gov.mk

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје
Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811
Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814
Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813
Ф: + 389 (0) 2 3 111 160
www.mepso.com.mk

До

Тајфа-План
ул.Васил Главинов бр.3-2/8
1000,Скопје

Бр.11-5952/1

04.11.2022

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање бр.0307-185 од 27.10.2022 година, (наш број 11-5952 од 03.11.2022 година) за податоци и информации потребни за изработка **на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош**, Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Ангела Георгиевска

Проверил: Јасмина Ставрова

по овластување од Генерален директор
бр.02-10/112 од 06.03.2019 год.
Раководител на Служба за ГИС
и геодетски работи

Друштво за комуникациски услуги
А1 Македонија ДООЕЛ Скопје
Бр. 11-73191
28 -10- 2022
Скопје

До: Друштво за планирање, проектирање и инженеринг
ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје

Скопје, 28.10.2022 год.

Предмет: Податоци и информации

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за доставување на податоци и информации од општини/институции поднесено преку системот Е-Урбанизам со број на постапка 46812 креирано на 27.10.2022 година и наслов 'Барање податоци по УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош' доставено до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Ве известуваме дека во предметното подрачје на опфатот кој е доставен до А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, **имаме** постојни надземни инсталации.

Во прилог Ви доставуваме податоци за постојни надземни инсталации во електронска форма во PDF и DWG формат.


Напомена: Доколку има потреба од дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура, планерот е должен да постави новопланирана траса во рамките на експропријационата линија во консултација со сопственикот на постоечката инфраструктура - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје. Трошоците за дислокација на постојната телекомуникациска инфраструктура ги сноси инвеститорот на проектот.

Лице за контакт:
Влатко Димовски тел. 077/772-582

Срдечен поздрав,

За А1 Македонија ДООЕЛ Скопје,
Влатко Димовски
Постар специјалист за ГИС портал и управување со мрежна инфраструктура

ПОДЗЕМНА И НАДЗЕМНА
ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА
А1 МАКЕДОНИЈА



ЛЕГЕНДА:

- Coax_Cable_Legal
- Overhead_Lines_Legal
- Opfat_Extent
- Opfat_Baranje

* Duct - Подземно
* Aerial - Надземно
* Trench - Ров
* Pipe - Цевка/Туба
* Overhead line - Надземна рута
* Coax cable - Коаксијален кабел
* Optical cable - Оптички кабел

P = 1 : 1000

Дата: 2022-10-28

До:

ТАЈФА-ПЛАН ДОО Скопје

бр. 12-8/1186

Скопје, 27.10.2022 година

Предмет: Доставување на податоци и информации

Врска: Ваш бр. 0307-185 од 27.10.2022 година
(e-urbanizam, постапка бр. 46812)

Почитувани,

Врз основа на вашето барање, а согласно Законот за урбанистичко планирање, ве известуваме дека стручните служби во Агенцијата за цивилно воздухопловство ја разгледаа приложената документација за изработка на

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош

при што утврдија дека предметниот опфат се наоѓа **во зона** на Спортскиот Аеродром Стенковец - Скопје, на 3524м западно од референтната точка, на аеродромот, во т.н. конусна рамнина за ограничување на препреки, чија елевација изнесува 403мнв, односно локација каде што се пропишани посебни услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај.

Имајќи го во предвид претходното, а согласно член 76 од Законот за воздухопловство, потребно е во наведената документација, заради одржување на безбедноста на воздушниот сообраќај, да се запази/вметне следната одредба:

- Максималната височина на било кој објект или надземна структура во зафатот да не надминува елевација од 403мнв.

Доколку во опфатот се планира изградба на објект/и со елевација над претходно наведената, потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да доставите проектната документација (пред нејзино усвојување) со барање за издавање на согласност со услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно *член 68 став (1) и (2) од Законот за воздухопловство. ("Службен весник на РМ" бр. 48/2020 – пречистен текст).*

За дополнителни информации може да не контактирате на телефон 02/3181-609, секој работен ден од 7.30-15.30 часот.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

изработил: Х.Караџенеми

Билјана Јованова
(по овластување од Директорот
бр.02-537/1 од 18.05.2022 година)

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број numer 1302 - 3839/2
Дата data 02 -11- 2022
СКОПЈЕ - SHKUP

До:"ТАЈФА-ПЛАН" доо Скопје
ул. "Васил Главинов" бр.3-2/8, 1000 Скопје
Предмет: 1302-3839/1 од 28.10.2022
Дата:31.10.2022

ПРЕДМЕТ: Достава на податоци и информации

Почитуван/и,

Во врска со Вашето барање со број 0307-185 од 27.10.2022 год. креирано на страната на е-урбанизам на 27.10.2022 год. и заведено кај нас под бр.1302-3839/1 од 28.10.2022 со кое не известувате дека за потребите на изработка на

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА (дел од КП 1605/1 и дел од КП 2224/18) со намена А1 – домување во куќи, КО Бардовци, согласно Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18 - Општина Карпош

ни доставувате ажурирана геодетска подлога со граница на проектен опфат (М = 1:1000) и барате достава на податоци и информации со кои располагаме а кои се однесуваат на постоечка и/или планирана инфраструктурна мрежа,

Ве известуваме дека со внимание го разгледавме предметниот локалитет, за кој ќе изработувате УП и согласно член 32 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15 и 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18) **преку страната на системот е-урбанистчики планови во делот за ПИМ – Податоци, информации и мислења, Ви ги доставуваме бараните податоци**

- ситуација во М 1: 1000 во pdf формат во pdf формат со прикажана граница на планскиот опфат и нашата постоечка инсталација – водоводна мрежа што е

дел од нашиот водоводен систем , како и проектирана водоводна мрежа,. Податоци за постоечка фекална канализација треба исто така да побарате од О.Карпош (постојат основни проекти), бидејќи таа е градена од страна на општината и ние сеуште ја немаме примено на одржување па затоа ја немаме вцртано во нашите подлоги.

Што се однесува до прикажување на предвидена хидротехничка инфраструктура на предметниот опфат, ЈП „Водовод и канализација“ Ве упатува на користење на решенијата за хидротехничка инфраструктура кои се наоѓаат во состав на важечка планска документација за Упрбанистички план за село Бардовци со разработка на блокови и изработени Основни Проекти за водовод, фекална и атмосферска канализација за предметниот локалитет кои треба да ги добиете од О.Карпош и секако решенијата од ГУП на Град Скопје, за што треба да се побараат податоци од О.Карпош.

НАПОМЕНА:

Ве известуваме дека не е дозволено поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации над и непосредно до уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци освен при нивно вкрстување.

- При паралелно поставување на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др.инсталации со уличната водоводна, фекална и атмосферска канализација и нивните приклучоци, минималното растојание со нив е регулирано со „услови за полагање на електрични, телефонски, топлификациони, гасоводни и др. инсталации“ на соодветните Комунални организации но не помалку од 0.60м. односно 1.00 м. Од крајната ивица на водоводот, фекалната и атмосферска канализација. Вертикално растојание помеѓу нив треба да изнесува мин. 0.50 м.

- Минимално растојание при лоцирање на градежен објект до магистрален канал да изнесува 4.0 м., растојание од градежен објект до магистрален водовод помал од Ø 500 мм. а предвиден со ГУП на град Скопје-водоводен и канализационен систем да изнесува 5.0 м и растојание од градежен објект до магистрален водовод над Ø 500 мм. да изнесува 6.0 м.

-

НАПОМЕНА: Просторните податоци за линиските хидротехнички објекти , имаат важност 6 месеци од денот на издавањето.

Со почит,

ЈП „Водовод и канализација" - Скопје
Сектор за технички работи и развој
Раководител

дипл.град.инж. Светлана Мутавџиќ

Доставено до:
- Архива на Сектор за технички работи и развој
- Архива

Изготвил:

дипл.инж.арх. Маја Икономова

дипл.град.инж.Нина Шалева

Проверил:

М-р Хариклија Порчу, дипл.геод.инж.

Одобрил:

дипл.град.инж. Ениса Реџепагиќ



LEGENDA

LINIJA NA PARCELA

BETONSKO @ELEZNA OGRADA

ZIDANA OGRADA

@I^ANA OGRADA

BETONSKO @I^ANA OGRADA

@IVA OGRADA

PADNI LINII

POMO[NI LINII

[AHTI - SLIVNIK - HIDRANT

BANDERI

KANDELABRI

ZNAK ZA PRIPADNOST

PUMPA ZA VODA

3684 BROJ NA KATASTARSKA PARCELA

249.93 NADMORSKA VISINA

SEMAFOR

SOOBRA]AEN ZNAK

POLIGONOMETRISKA TO^KA

IZOHIPSI

GRANICA NA ZAFAT

STOPANSKI OBJEKT

STANBEN OBJEKT

POMO[EN OBJEKT

POKRIENA TERASA

OTKRIENA TERASA

OBJEKT VO GRADBA

PONI[TEN OBJEKT

DIVOGRADBA

TRAFOSTANICA

SNIMENO NA LICE MESTO

NOVOIZGRADEN STOPANSKI OBJEKT

NOVOIZGRADEN STANBEN OBJEKT

NOVOIZGRADEN POMO[EN OBJEKT

GRADINA

LOZJE

PASI[TE

PARKOVSKO ZELENILO

[UMA

POVR[INA NA OPFAT 0.056ha

DRU[TVO ZA TRGOVIJA, GRADE@NI[TVO
PROEKTIRAWE I KATASTARSKI USLUGI
GEO PREMER - KAT DOOEL SKOPJE

SKICA NA PREMERUVAWE

RAZMER 1 : 1000

ZA DEL OD K.O. BARDOVCI
OP[TINA KARPO[

S
Z I
J

Бр. 1302-3839/1
31.10.2020 год.

ЛЕГЕНДА: 1:1,000 N

— Постоечка водоводна мрежа

- - - Проектирана водоводна мрежа

ИЗВОД ОД УПС Бардовци

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КАРПОШ

Број: 47-7492/2

Од 04.10.2022

Скопје

ИЗВОД ОД ПЛАН БРОЈ: 1010/2022	
Урбанистички план за село Бардовци, разработка на блокови 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12, 17 и блок 18	
УП вон нас.мес:/	
Одлука бр. 07-656/7 од 31.01.2014 година	
Намена на градба: А1, А0 (домување)	
Ул. /	бр. /
КО Бардовци	КП 1605/1
ДЛ 65	М=1:2500

ИЗВОД ЗА КП 1605/1 (Блок 35)

Напомена: Катастарската парцела зафаќа дел од улица.

ГРАФИЧКИ ПРИЛОГ



ОПШТИ УРБАНИСТИЧКО-АРХИТЕКТОНСКИ УСЛОВИ	
Број на урбанистичка парцела:	КП 1605/1 (Блок 35)
Намена на објектот:	А1, А0 (домување)
Површина на урбанистичка парцела:	562 м2
Површина на габарит:	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12)
Процент на изграденост:	/
Максимална изградена површина:	Согласно Правилник за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл.весник на РМ бр. 63/12 и 126/12)
Коефициент на искористеост:	/
Максимална дозволена височина на венец:	10.20 м
Максимална дозволена височина на слеме:	/
Број на станови/спратови	П+2+Пк
Број на паркинг места:	/
Сообраќајни услови:	Паркирање во рамките на сопствена парцела
Други услови:	Овој извод е основа за изработка на проектна документација/ урбанистички проект, кој пак е потребен во постапката за добивање одобрение за градење. Изработката на проектантската документација да е во согласност со законската и подзаконската регулатива од областа.

1. Заверена копија од општите и посебните услови за градење дадена во прилог.

2. Податоци за постојна инфраструктура и приклучоци



КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- ПОСТОЈНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ВОДОВОДНА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПЛАНИРАНА АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА
- ПОСТОЈНА ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ТЕЛЕФОНСКА МРЕЖА
- ОПТИЧКИ КАБЕЛ НА МЖ-ИНФРАСТРУКТУРА
- ПОСТОЈНА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА
- ПЛАНИРАНА ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА МРЕЖА
- ПОСТОЈНА ТРАФОСТАНИЦА
- ПЛАНИРАНА ТРАФОСТАНИЦА
- ПУМПЕНА СТАНИЦА
- РЕЗЕРВОАР ЗА ВОДА

ИЗГОТВИЛ
Марија Л. Младеновска, диа

ОДОБРИЛ
Раководител на Одделение
м-р Весна Стефанова, дги

УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА

1. Општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето за градби кои важат за целиот плански опфат

1.1 Со овие услови за изградба се утврдуваат основните принципи, услови и техничко-урбанистички норми кои овозможуваат примена и спроведување на концепциите и конкретните решенија во Урбанистички план за село Бардовци, општина Карпош.

Условите за изградба ќе се применуваат на целиот плански опфат чии граници и мери се дадени во графичкиот прилог во Р=1:2500.

Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 148,90ха.

Планскиот период на овој план е 2012-2017 година.

Овие општи услови за изградба се составен дел на Урбанистички план за село Бардовци, општина Карпош. Планскиот документ е изработен во согласност со Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11 и 144/12), Правилникот за поблиска содржина, размер и начин на графичка обработка на урбанистичките планови (Сл. весник на РМ бр. 78/06) и Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12 и 126/12).

Изградбата и доградбата на објектите, како и вкупното просторно уредување на предметниот плански опфат треба да се изведува во согласност со законската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие Општи услови за изградба.

Во планот е застапена основна класа на намена и компатибилна класа на намена во согласност со член 30 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 63/12, 126/12).

Наведените дејности се дел од системот на класи на намени и тоа:

Основните класи на намена на земјиштето во планскиот опфат се:

- А1-домување во станбени куќи, со компатибилни намени Б1 до 30%, В1 до 10%, со вкупно учество на компатибилните класи на намени во однос на основната до 30%
- Б-комерцијални и деловни намени, попрецизно, Б1-мали комерцијални и деловни дејности, Б2-големи трговски единици, Б3-големи угостителски единици, Б4-деловни простори, Б5-хотелски комплекси, Б6-градби за собири, со компатибилни намени: В2 до 40%, В3 до 40% и Д3 до 40%, со вкупно учество на компатибилните намени до 40%
- В-јавни институции
- В1-образование и наука-основно училиште, со компатибилни намени: Б1 до 10% и Д3 до 20%, со вкупно учество на компатибилите намени до 20%
- В3-култура, со компатибилни намени: Б1 до 49%, Б2 до 49%, Б4 до 49%, Б5 до 49%, В1 до 49%, В4 до 49% и Д3 до 49%, со вкупно учество на компатибилните намени до 49%
- В5-верски институции, со компатибилна намена Б1 до 10%
- Д1-парковско зеленило
- Д2-заштитно зеленило

- Д3-спорт и рекреација, со компатибилна намена Б1 до 10%
- Д4-меморијални простори-гробишта
- Е2-комунална супраструктура-трафостаници, пумпена станица и резервоар за вода

1.2 Составен дел на овие Услови за градба се Документационата основа и Планската документација за предметниот Детален урбанистички план со свој текстуален и графички дел во Р=1:2500.

Графичкиот дел го сочинуваат прилози од документационата основа: Извод од Урбанистичка документација за населено место Бардовци; Ажурирана геодетска подлога; Инвентаризација и снимање на постоен градежен фонд и вкупната физичка супраструктура; Инвентаризација и снимање на изградена комунална инфраструктура; и планска документација: Регулационен и план на намени на земјиштето; Сообраќаен и нивелациски план; Инфраструктурен план и Синтезен план.

